# INNOVATIVE ACCESS IN THE DEVELOPMENT OF SOCIAL ENTERPRISES IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**Marija Magdicheva-Shopova**
Faculty of Tourism and Business Logistics, Goce Delcev University - Stip, Republic of Macedonia
marija.magdinceva@ugd.edu.mk

**Abstract:** Social Entrepreneurship is an organized activity aimed at seizing the various opportunities, forms, enterprises and measures in order to create sustainable social values and benefits and employment of persons belonging to marginalized groups of persons, whereby profit is primarily used for employment of socially excluded or vulnerable social groups, as well as to create solutions for the needs and problems in the social community. Modern working conditions force companies to adopt innovative approaches to work in order to make the best use of opportunities. In today's working conditions, and enterprises that perform a certain type of social activity, they face the challenge of continuous monitoring of changes in the operations and successful application of innovations as a prerequisite for growth and development.
For the development of social enterprises and social entrepreneurship it is necessary to use the opportunities in the environment and to change certain segments in the organizational systems, to introduce and apply new approaches to sustainable solutions that create a higher social value. The social and professional integration of marginalized workers and other vulnerable groups is one of the possible ways to create a higher social value. The social enterprise, as a legal entity that acts in a particular social economy, is usually not oriented only towards the creation of profits, but it is oriented towards the creation of a social impact by implementing innovative methods for providing goods and services on the market. Differences in the direction of social enterprises and other business enterprises cause differences in the application of innovative management.
The aim of this paper is to understand the significance and impact of modern-innovative management for the development of social entrepreneurship and social enterprises in the Republic of Macedonia, as well as emphasizing the need for applying an appropriate methodological approach in creating the necessary management decisions. The subject of research in this paper is focused on perceiving the different business models of social enterprises and the impact of innovative management approach in the development of social enterprises in the Republic of Macedonia.
**Keywords:** social enterprises, social entrepreneurship, innovation management, innovation, development

# ИНОВАТИВЕН ПРИСТАП ВО РАЗВОЈОТ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Марија Магдинчева-Шопова,**
Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Република Македонија, marija.magdinceva@ugd.edu.mk

**Апстракт:** Социјалното претприемништво претставува организирана дејност која има за цел да ги искористи различните можности, форми, претпријатија и мерки со цел креирање одржливи општествени вредности и корисности и вработување на лица кои припаѓаат на маргинализираните групи лица, при што добивката примарно се користи за вработување на социјално исключени или ранливи општествени групи, како и за креирање решенија за потребите и проблемите во општествената заедница. Современите услови за работа ги принудуваат претпријатијата да применуваат иновативни пристапи во работењето со цел најдобро искористување на можностите. Во денешни услови за работа, претпријатијата кои извршуваат одреден вид на социјална дејност се соочуваат со предизвикот на континуирано следење на промени во работењето и успешна примена на иновациите како предуслов за раст и развој. За развој на социјалните претпријатија и социјалното претприемништво потребно е да се искористат можностите во опкружувањето, да се променат одредени сегмени во организациските системи, да се воведат и применат нови пристапи на одржливи решенија кои создаваат повисока општествена вредност. Социјалната и професионалната интеграција на маргинализираните работници и други ранливи групи претставува еден од можните начини за создавање на повисоката општествена вредност. Социјалното претпријатие, како правен субјект кој дејствува во одредена социјална економија, вообичаено не е ориентирано кон креирање добивка, туку е

ориентирано е кон создавање општествен импакт преку имплементирање иновативни методи за обезбедување добра и услуги на пазарот. Разликите во насоченоста на социјалните претпријатија и другите деловни претпријатија предизвикува разлики во примената на иновативниот менаџмент.
Предмет на истражување и цел на овој труд е да го согледа значењето и влијанието на современиот иновативен менаџмент за развојот на социјалното претприемништво и социјалните претпријатијата во Република Македонија, како и истакнување на потребата од примената на соодветен методолошки пристап во процесот на креирање на соодветните менаџмент одлуки. Предметот на истражување на овој труд е фокусиран кон согледување на различните бизнис модели на социјални претпријатија и влијанието на иновативниот менаџмент пристап во развојот на социјалните претпријатијата во Република Македонија.
**Клучни зборови:** социјални претпријатија, социјално претприемништво, иновативен менаџмент, иновативност, развој

## 1. ВОВЕД

Современите услови за работа ги принудуваат претпријатијата да приемнуваат иновативни пристапи во работењето со цел најдобро искористување на можностите.
Во денешни услови за работа, претпријатијата кои извршуваат одреден вид на социјална дејност се соочуваат со предизвикот на континуирано следење на промени во работењето и успешна примена на иновациите како предуслов за раст и развој. Социјалното претприемништво подразбира постојано откривање на нови идеи од страна на социјалните претприемачи за решавање на социјалните проблеми во замена на старите, познати, непрактични начини на работа или примена на иновативен пристап во решавање на проблемите и искористување на можностите.
Социјалното претпријатие, како правен субјект кој дејствува во одредена социјална економија, примарно не е ориентирано кон креирање добивка, туку е ориентирано е кон создавање општествен импакт преку имплементирање иновативни методи за обезбедување добра и услуги на пазарот.
Социјалното претприемништво може да се дефинира генерално со помош на два составни елемента, а тоа е примарниот стратешки фокус на социјалното влијание и самиот иновантен пристап за остварување на мисијата на социјалното претпријатие. Со овие два елементи се добива поширока дефиниција за социјалното претприемништво како процес кој вклучува комбинација на ресурси за покренување на социјалните промени и решавање на социјалните потреби. Процесот на социјално претприемништво подразбира воведување на оригинални иновативни начини на работа чија примарна цел претставува создавање на нови општествени вредности.[1] Носители на социјалното претприемништво претставуваат социјалните претприемачи. Социјалните претприемачи се личности кои поседуваат висок степен на одговорност кон лицата на кои им помагаат. Социјалниот претприемач претставува личност која е носител на социјалните промени во општеството.
Социјалните претприемачи целосно се посветуваат на своите идеи за решавање на социјалните проблеми.[2]

## 2. СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ - КАРАКТЕРИСТИКИ

Социјалните претпријатија се дефинираат како деловни субјекти кои извршуваат одреден вид на комерцијални активности под одредени услови на работење и вработуваат лица од марганализирани групи. Примарна цел на работење на овој вид претпријатија не е создавањето профит, туку јакнење на социјалната кохезија и солидарност и капацитетот за примена на иновации во различни економски сектори и општествено корисни подрачја. Од аспект на финансирањето на работењето, се разликуваат две форми на социјални претпријатија: претпријатија со класичен организациски пристап на извршување на работите односно финансирани од извори на основачите и претпријатија чија што основна дејност се базира на донации и субвенции. На слика број 1 даден е приказ на основните видови на организирање на работата на социјалните претпријатија од аспект на финансирање на работењето.

---

[1] Magdinceva Sopova, Marija and Stojanovska-Stefanova, Aneta (2017) *Можности и перспективи за развој на социјалното претприемништво-случај на Република Македонија.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers. ISSN 2545-4439,стр.1330

[2] Bornstein D. (2004), *How to Change the World : Social Entrepreneurship and the Power of New Ideas*, New York, Oxford University Press Inc.,pp.85-98

***Слика 1: Видови на социјалните претпријатија од аспект на финансирање на работењето***

| ВИДОВИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ОД АСПЕКТ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО | |
|---|---|
| Социјалните претпријатија финансирани на класичен начин( извори од основачи) | Социјалните претпријатија финансирани од донации и субвенции |

Извор: Според сопствено истражување

Прviot вид на социјално претпријатие претставува која било организација, во кој било сектор, која користи стратегија за стекнување приходи преку класично или општествено одговорно работење или самостојно (како претпријатие од социјалниот сектор) или како претпријатие со мешовит извор на приходи кој вклучува добротворни додатоци и субвенции за јавниот сектор.[3]

Социјалните претпријатија се дефинираат како претпријатија кои применуваат претприемачки принципи но се насочени кон остварување на општествено корисни цели и потреби. За разлика од другите претпријатија, профитот кај социјалните претпријатија се реинвестира за постигнување на конкретна општествена промена. Голем дел од активноста и фокусот на учењето за социјалното претприемништво се насочени кон активностите за стекнување приход на непрофитните организации но исто така вклучува и пазарно базирани решенија за социјалните проблеми.[4] Социјалните претпријатија нудат иновативни приоди за одржлив и рамномерен развој, обезбедуваат производи и услуги за маргинализираните лица и вработуваат лица од ранливи групи. Овој тип претпријатие може да се дефинира како претпријатија кои остваруваат профит кој се донира во социјални цели или социјални активности[5]. Примарна цел на овој тип на претпријатие е создавањето на социјалните приходи што е овозможено или поддржано од страна на финансиски фондации. Учењето за социјални претпријатија и социјални иновации гледа на социјалното претприемништво како иницијатива на иноваторите кои се стремат кон социјални промени со цел да се олеснат одредени социјални проблеми[6].

Во зависност од видот на стратегијата која се применува во работењето на социјалните претпријатија, се разликуваат социјални претпријатија кои применуваат бизнис стратегија на непрофитна организација со стратегија на стекнат приход и бизнис стратегија на профитна организација со социјална мисија. Според тоа од организациски аспект, социјалните претпријатија може да бидат организирани како:

- кои работат како непрофитна организација и
- претпријатија кои работат како профитна организација.

На слика број 2 прикажани се видови на социјалните претпријатија од организациски аспект

***Слика 2: Видови на социјалните претпријатија од аспект на организирање на работата***

| ВИДОВИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ОД АСПЕКТ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РАБОТАТА | |
|---|---|
| Социјалните претпријатија кои работат како непрофитна организација | Социјалните претпријатија кои работат како профитна организација |

Извор: Според сопствено истражување

[3] Mair, Johanna and Christian Seelos.(2017)"Social Entrepreneurship: The contribution of individual entrepreneurs to sustainable development", Stanford University Press,pp.150-175

[4] Dees, G.and Anderson B.,(2006), *Research on Social Entrepreneurship: Understanding and Contributing to an Emerging Field*, Association for Research on Nonprofit Organizations and Voluntary Action (ARNOVA)

[5] Davis, S.M.,(2002), Social Entrepreneurship: Towards an Entrepreneurial Culture for Social and Economic Development, pp.78-90

[6] Mair, Johanna and Christian Seelos, .(2017)" "Social Entrepreneurship: The contribution of individual entrepreneurs to sustainable development, ", Stanford University Press,pp.150-175

Социјалните претпријатија кои работат како непрофитна организација може да бидат социјални претпријатија што вршат хибридни социјални и комерцијални претприемнички активности со цел постигнување на самостојна одржливост. Социјалните претприемачи кои работат во овој вид претпријатие управуваат со претпријатието кое има социјален и комерцијален карактер. Генерираните приходи и добивка кои се остваруваат од работењето се користат за понатамошно подобрување на социјалните вредности.

Социјалните претпријатија кои работат како профитна организација со социјална мисија истовремено извршуваат социјални и комерцијални претприемачки активности за да постигнат економска одржливост. Социјалниот претприемач кој работи во овој тип на претпријатие управува со овој тип на претпријатие кое има комерцијален карактер и дел од добивката ја инвестира во социјалната мисија. Бидејќи претпријатието е финансиски независно, основачите и инвеститорите имаат можност да распределат дел од остварената добивка самостојно, според лични видувања.

**2.1. МОДЕЛИ НА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ**

Бизнис моделот кој го применуваат претпријатијата им овозможува да создаваат соодветни аутпути и излезни вредности и овозможува поделба на активностите на ниво на претпријатие. Соодветниот бизнис модел ја создава организациската структура на претпријатието и го определува начинот на кој претпријатието ќе создава финансиски вредности. Познати се три основни начини или модели на социјално претпријатие за креирање социјално влијание преку трговски активности:бизнис модел на генерирање на профит, модел на компромис и паралелен бизнис модел.7

Бизнис моделот на генерирање на профит подразбира модел на генерирање профит, односно извршување на деловни активности од страна на социјалното претпријатие во кои немаат директно влијание, при што како резултат на реализираните деловни активности претпријатието остварува профит. Дел од профитот или целиот профит се распределува или насочува на друга активност која директно е поврзана со одредена социјална активност или има одредено социјално влијание. Бизнис моделот на генерирање на профит е поставен на начин во кој соодветната деловна активност бара поврат на финасиските средства. Примарната цел на овој бизнис модел е остварување на одредено социјално влијание преку остварување на финансиска добивка. Како излезен аутпут или излезна вредност од овој бизнис модел може да биде зголемување на бројот на вработени.

Бизнис моделот на компромис, односно вклученост на социјалното претпријатие во деловни активности кои имаат директно социјално влијание, но кои успеваат да постигнат рамнотежа односно компромис со остварување добивка и остварување на социјално влијание. Во овој бизнис модел примарна цел е постигнувањето на баланс помеѓу генерирањето на профит и создавањето социјално влијание. Усогласеноста на двата сегмента генерирањето на профит и социјалното влијание се овозможува кога социјалното претпријатие ќе го зголеми социјалното влијание преку намалување на профитот за индивидуални-лични цели, или ќе го намали социјалното влијание, а ќе го зголеми влијанието на профитот за индивидуални-лични цели.

Паралелниот бизнис модел подразбира вклученост на социјалните претпријатија во деловни активности кои имаат директно социјално влијание, но во ист момент остваруваат и финасиска добивка. Кај паралелниот бизнис модел на социјално претпријатие, деловната активност има директно влијание врз општествените движења.8 За овој бизнис модел е карактеристична рамнотежата помеѓу остварувањето на добивка и остварување на социјално влијание. Рамнотежата се постигнува во согласност со состојбите во социјалното претпријатие.

На слика број 3 даден е приказ на моделите на социјално претпријатие.

***Слика број 3: Модели на социјално претпријатие***

| МОДЕЛИ НА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ | | |
|---|---|---|
| Бизнис моделот на генерирање на профит | Бизнис моделот на компромис | Паралелен бизнис модел |

Извор: Според сопствени истражувања

[7] Nick Wilkie (2006.) “Sustainable Funding: a basic theoretical introduction”,pp.34-50
[8] Kim Alter (2007.) “Social Enterprise Typology”,pp.25-32

Ако се споредат трите модели на социјално претпријатие може да се констатира дека социјалното влијание во бизнис моделот на компромис е приоритет и дел од деловните активности. Примарна цел кај овој бизнис модел на социјално претпријатие е остварување на одредено социјалното влијание. Остварувањето на профит односно финансиска добивка претставува секундарна цел и истата ќе се реализира во зависност од преземениот ризик во извршување на деловните активности. Во табела 1 прикажани се разликите меѓу моделите на социјално претприемништво.

***Табела 1: Разликите меѓу моделите на социјално претприемништво***

| Критериум | Бизнис моделот на генерирање на профит | Бизнис моделот на компромис | Паралелен бизнис модел |
|---|---|---|---|
| Социјално влијание | Оствраување одредено социјално влијание преку остварување профит | Рамнотежа во остварувањето социјално влијание и профит | Извршување деловни активности кои имаат директно социјално влијание |
| Генерирање профит | Примарна цел | Рамнотежа во остварувањето профит и социјално влијание | Извршуавње деловни активности кои имаат директно социјално влијание и истовремено остварување профит |

Извор: Според сопствени истражувања

**5. ЗАКЛУЧОК**

Социјално претприемаштво подразбира постојано откривање на нови идеи од страна на социјалнитепретприемачи за решавање на социјалните проблеми во замена на старите, познати, непрактични начини на работа или примена на иновативен пристап во решавање на проблемите и искористување на можностите. Преку примена на претпримничките принципи со цел остварување на одредена општествената и финансиска вредност, *социјалното претприемништво претставува посебна форма на претприемништво која е дел од еден поширок поим на социјална економија. Социјалната економија е широк концепт на дејствување во кој се опфатени четири видови на организации: кооперативни, заеднички општества, здруженија и фондации и општествени претпријатија*[9]. Социјалното претпријатие, како правен субјект кој дејствува во одредена социјална економија, вообичаено не е ориентирано само кон креирање добивка, туку е ориентирано кон создавање општествен импакт преку имплементирање иновативни методи за обезбедување добра и услуги на пазарот. Разликите во насоченоста на социјалните претпријатија и другите деловни претпријатија предизвикува разлики во примената на иновативниот менаџмент. Иновативниот деловен амбиент и добриот менаџмент за управување со промените претставуваат клучни фактори со кои претпријатијата ја трансформираат неизвесноста во извесност.[10] Социјалното претпримништво преставува иновативна активност која ги користи сите достапни можности со цел создавање нови општествени вредности, за разлика од принципите на традиционалното претприемништво каде овие активности се насочени кон остварување профит за сопственикот или инвеститорот кој ја финансира деловната активност. Развојот на социјално претприемништво се поврзува со примената на иновативниот менаџмент концепт во работењето. Иновациските менаџмент се однесува на сите видови и облици на иновации и иновативни процеси во областа на социјалното претприемништво. Основа на успешното работење на претпријатијата претставува стекнувањето на конкурентска предност

[9] *Arpinte et al, (2011), European Commission, Enterprise and Industry: Social Economy,pp.115-130*

[10] Postolov, K., Josimovski, S., Pulevska-Ivanovska, L., Magdinceva Sopova, M., Janeska-Ilieva, A. *Managing with organizational environments - strategy of e-business.* Economic Development, 16 (3). pp. 103-122. ISSN 1409-7893, 2014.

преку поддржување на иновативна организациска култура и успешно управување со промените.[11] Мотив за развој на социјалните претпријатија претставува промовирањето на вредностите и принципите како солидарност, соработка и доверба, кои преставуваат основа почеток на развојот на овој тип претпријатија.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] *Arpinte et al, (2011), European Commission, Enterprise and Industry: Social Economy,pp.115-130*
[2] Bornstein, D., (2004), *How to Change the World : Social Entrepreneurship and the Power of New Ideas*, New York, Oxford University Press Inc.,pp.85-98
[3] Davis, S., (2002) Social Entrepreneurship: Towards an entrepreneurial culture for social and economic development
[4] Dees, G., Beth A.,"Framing a Theory of Social Entrepreneurship: Building on Two Schools of Practice and Thought
[5] Dimitrov, N., Magdinceva Sopova, M., Josheski, D. (2016) *Role of the modern entrepreneurship in the development of the health tourism in Republic of Macedonia.*International Journal of Business and Management Invention (IJBMI), 5 (10). pp. 102-106. ISSN 2319-8028, (Print): 2319-801X,
[6] Kim, A., (2007) "Social Enterprise Typology",pp.25-32
[7] Magdinceva Sopova, M., Stojanovska-Stefanova, A., (2017) *Можности и перспективи за развој на социјалното претприемништво-случај на Република Македонија.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers. ISSN 2545-4439,стр.1330
[8] Mair, J.,Christian S.,"Social Entrepreneurship: The contribution of individual entrepreneurs to sustainable development"
[9] Mair, J., Christian S., "Social Entrepreneurship: The contribution of individual entrepreneurs to sustainable development"
[10] Nick, W., (2006) "Sustainable Funding: a basic theoretical introduction",pp.34-50
[11] Postolov, K., Josimovski, S., Pulevska-Ivanovska, L., Magdinceva Sopova, M., Janeska-Ilieva, A. (2014) *Managing with organizational environments - strategy of e-business.* Economic Development, 16 (3). pp. 103-122. ISSN 1409-7893.

[11] Dimitrov, N., Magdinceva Sopova, M., Josheski, D. *Role of the modern entrepreneurship in the development of the health tourism in Republic of Macedonia.*International Journal of Business and Management Invention (IJBMI), 5 (10). pp. 102-106. ISSN 2319-8028, (Print): 2319-801X, 2016